СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба	Понеделник 18 Април 2022 година Број 5/2022 год.	Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена и дополнување на Програмата на потреби за функционирање на администрацијата во единицата за локална самоуправа-Радовиш за 2022 год. број 08-1607/1 од 21.12.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Програма за измена и дополнување на Програмата на потреби за функционирање на администрацијата во единицата за локална самоуправа-Радовиш за 2022 год. број 08-1607/1 од 21.12.2021 година, бр.08-722/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-722/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на X седница одржана на ден 13.04.2022 г. донесе

ПРОГРАМА
За измена и дополнување на Програмата на потреби за функционирање на администрацијата во единицата за локална самоуправа- Радовиш за 2022 год. број 08-1607/1 од 21.12.2021 година

Програмата се менува и дополнува во дел:

II. Приоритети на општинската администрација

1.Исплата на трошоци од спроведените „Локалните избори 2021 година„ во октомври 2021 година во висина од -4.700.000 денари сума утврдена согласно извештајот на Општинската изборна комисија.

2.Средства во висина од -200.000 денари за доставување на решенија за данок на имот и комунална такса до даночни обврзници за 2022 година.

3.За потреби на ТППЕ (согласно записникот од извршен инспекциски надзор) потребно е најитно да се обезбедат средства во висина од 700.000 денари за набавка на следното:
-летна работна униформа 20 броја -200.000 ден.
-радио врски 5 броја
-ламби 5 броја
-ормар за прва помош во ПП дом
Вкупно - 285.000 денари
-уземјување и громобран во ПП дом
-обновување на ел.инсталација во ПП дом
Вкупно -155.600 денари
-инсталирање на читач на работно
време -59.400 денари
(Висината на средствата е утврдена ориентационо со претходно испитување на пазарот. За набавка на истите ствари и извршени градежни работи, освен за ормарот за прва помош во ТППЕ, ќе се распише јавна набавка).

4.Средства за набавка на рекламен матерјал и сувенири за 2022 г. -50.000 денари.

5.Надоместоци за усогласување на платите согласно предвидените законски решенија го пресметува Секторот за финансиски прашања.

6. Прскање против комарци уште -540.000 ден.

III. Оваа измена и дополнување на Програма е составен дел на Буџетот за 2022 год.

IV. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-722/1 Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште изградба реконструкција

и одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за 2021 година

Го прогласувам и објавувам Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за 2021 година, бр.08-723/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-723/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.13 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш седница одржана на 09.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за 2021 година

I. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта за општина Радовиш за 2021 година

II. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-723/1 Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка за урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2021 година бр. 08-1605/2 од 21.12.2021 и Измена бр. 08-428/1 од 28.02.2022 година

Ја прогласувам и објавувам Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка за урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2021 година бр. 08-1605/2 од 21.12.2021 и Измена бр. 08-428/1 од 28.02.2022 година, бр.08-724/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-724/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/20), член50, став1, точка6 од Законот за локална самоуправа („Сл.в. на Р.М.“ бр.05/02) и член 43точка1 и точка12 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.05/02), Советот на Општина Радовиш на X седница одржана на 13.04.2022 година, донесе :

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за изработка за урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2021 година бр. 08-1605/2 од 21.12.2021 и Измена бр. 08-428/1 од 28.02.2022 година

1. Вовед

Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2021г. претставува основа за изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови од член1, став(1), точки 1,2,3,4 од Законот за урбанистичко планирање, каде како видови се наведени генерален урбанистички план, детални урбанистички планови, урбанистички планови за село , урбанистички планови за вон населено место , сите како планови од локално значење, како и урбанистички проекти од член 58 од законот, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот. Годишата програма претставува дел од задолжителната документација при поднесување барање за согласност од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган за истото.

2. Урбанистичко планирање

Урбанистичко планирање 14.500.000,оо денари

- Генерален урбанистички план.... 10.000.000,00 ден.
- Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот 600.000,00 ден.
- Детални Урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички проекти 3.700.000,00 ден.
- Програми за поставување на урбана опрема и времени објекти ..... 200.000,00 ден.

➢ Генерален урбанистички план на град Радовиш

Р.Бр.		П (ha)	Износ /денари
1.	Изработка и донесување на нов Генерален урбанистички план за град Радовиш	600,0	
		ВКУПНО:	10.000.000,00

Р.Бр.		Износ /денари
1.	Трошоци за услуги од катастар	
2.	Услови за планирање на просторот	
	ВКУПНО:	600.000,00

- Детални урбанистички планови , Урбанистички планиви за село и Урбанистички проекти

Р.Бр.		Износ/ денари
1.	Измена и дополнување ДУП за дел УБ 7	
2.	Измена и дополнување ДУП УБ 28-дел од УМ1	
3.	Измена и дополнување ДУП за дел УБ 3	
4.	Измена и дополнување ДУП УБ 8 и 9-дел	
5.	Урбанистички план за с.Ораовица	
6.	Урбанистички план за с.Воиславци	
7.	Урбанистички план за с.Раклиш	
8.	Урбанистички план за с.Аликоч	
9.	Урбанистички план за с.Коџалија	
10.	Урбанистички план за с.Калаузлија	
11.	Урбанистички план за с.Смиланци	
12.	Урбанистички план за с.Бучим	
13.	Урбанистички план за с.Парналија	
14.	Урбанистички план за с.Злеово	
15.	Урбанистички план за с.Тополница	
16.	Урбанистички проект за г.п.1,21, ДУП УБ28–дел, со намена КД	
17.	Урбанистички проект со намена Д1,Д2 и Д3 -Парковско уредување покрај Радовишка река со теренски градби за спорт и рекреација и градби од живо зеленило	
18.	Урбанистички проект со намена Д1,Д2 и Д3.4 - Парковско уредување покрај Радовишка река со градби од живо зеленило	
19.	Урбанистички проект за инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на улица во с.Калугерица, Општина Радовиш	
	ВКУПНО:	3.700.000,00

- Програми за спроведување на Урбанистички планови

	Програми за спроведување на Урбанистички планови	Бр.	Износ/денари
	Програма за урбана опрема	1	
	Програма за времени објекти	1	
		ВКУПНО:	400.000,00

- Урбанистичка планска документација со самофинансирање

Р.б.	Планска документација	Износ/денари
1.	Измена и дополна на ДУП за УБ7-дел	Самофинансирање
2.	Измена и дополна на ДУП за дел УБ 3	Самофинансирање
3.	Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ28, Радовиш	Самофинансирање
4.	Урбанистички проект со намена Е2-на КП бр.1183,1184,1185, КО Раклиш, Општина Радовиш	Самофинансирање
5.	Урбанистички проект на КП бр.4993 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи	Самофинансирање

6.	Урбанистички проект со намена А,Б,Д , на КП бр.1645, КО Козбунар Општина Радовиш.	Самофинансирање
7.	Урбанистички проект со намена Г2,Г3,Г5 ,КП бр.7,КП бр.8/1, КО Ињево вон г.р. Општина Радовиш	Самофинансирање
8.	Урбанистички проект со намена Г2 , КП бр. 4673/1, 4673/2, 4673/3, КО Радовиш вон г.р. општина Радовиш	Самофинансирање
9.	Урбанистички проект со намена А1, А4, Б1 КП бр.211,212, 5106/1, КПбр. 699 и 700, КПбр.705 и 706, КП бр.702,703/1 и 704/1, КО Радовиш вон г.р. Општина Радовиш	Самофинансирање
10.	Урбанистички проект со намена за базна станица за мобилна телефонија во Тополница	Самофинансирање
11.	Урбанистички проект за КП бр. 2745/1 и 2745/2 во ДУП на Радовиш	Самофинансирање
12.	Урбанистички проект за КП бр.4589/1,4589/2,4589/3,4590,4591,4592, 4593,4595 и 4091/1КО Радовиш, во ДУП на Радовиш	Самофинансирање
13.	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.746,КП бр.744,КО Сулдурци, општина Радовиш	Самофинансирање
14.	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 за КП 744, КП 746 , КО Сулдурци, Општина Радовиш	Самофинансирање
15.	Урбанистички проект со намена Г2 - на КП бр.452/1,КО Воиславци, Општина Радовиш	Самофинансирање
16.	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.453/1, КО Воиславци, Општина Радовиш	Самофинансирање
17.	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.451/1, КО Воиславци, општина Радовиш	Самофинансирање
18.	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.4165/1,2,3 во УБ 9 КО Радовиш, Општина Радовиш	Самофинансирање
19.	Урбанистички проект со намена Г2- на КП бр.1/2, КО Сулдурци, Општина Радовиш	Самофинансирање
20.	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.242/1, КО Радовиш вон гр, Општина Радовиш	Самофинансирање
21.	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.874/1,875,876,877,878 и 900 КО Калугерица, општина Радовиш	Самофинансирање
22.	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 741, КП 742, КО Сулдурци, Општина Радовиш	Самофинансирање
23.	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.228/2,228/1, 229, 230, 241, 242, 358, 360,359,377,376,371,361, КО Ињево в.г.р. ,Општина Радовиш	Самофинансирање
24.	Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.8 водови за пренос на ел. Енергија-новопланиран подземен 10/20КВ вод од постојна ТС на КП 4138 до столб на КП 4135/1, за дел од КП бр. 4138, КП со бр.5131, дел од КП бр. 4120/1 и дел од КП бр.4135/1, КО Радовиш вон град, општина Радовиш.	Самофинансирање
25.	Урбанистички проект за КП 741 и КП 742 во КО Радовиш вон град, општина Радовиш, за објекти со намена А4-4, А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување.	Самофинансирање
26.	Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 1.17, 1.18, 1.18.1 и 1.19 од ДУП за УБ дел 8 и 9 во Радовиш.	Самофинансирање
27.	Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 4.24 кон ГП 4.23 и ГП 4.25 од ДУП за УБ дел 8 и 9 во Радовиш	Самофинансирање
28.	Урбанистички проект за КП бр.4166/2 КО Радовиш вон.гр. општина Радовиш	Самофинансирање
29.	Урбанистички проект за изведба на фотоволтаична централа на КП бр.3456/1 КО Радовиш вон.гр. општина Радовиш	Самофинансирање
30.	Урбанистички проект за промена на граници на градежна парцела	Самофинансирање

	според кастастерска КП 1711/2 КО Радовиш, општина Радовиш , во ДУП за УБ28 Радовиш	
31.	Урбанистички проект вон опфат за КП 900,901,902/1,902/2,903,904/1, 872/1, 873/1 874/2,874/1,875,876,878, КО Калугерица, општина Радовиш,	Самофинансирање
32.	Урбаистички проект вон опфат за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни панели и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КП бр.4920/3 КО Радовиш вон.град, општина Радовиш	Самофинансирање
33.	Урбаистички проект вон опфат за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни панели и фотоволтаични електрани за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на дел од КП 1082, КО Сулдурци општина Радовиш.	Самофинансирање

Рекапитулар :

О п и с	Износ /денари
Генерален урбанистички план на град Радовиш	10.000.000,00
Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот	600.000,00
Детални урбанистички планови, Урб. планови за село и Урбанистички проекти	3.700.000,00
Програми за урбана опрема и времени објекти	200.000,00
Урнабистичка планска документација со самофинансирање	Самофинансирање
ВКУПНО:	14.500.000,00

3. ФИНАНСИРАЊЕ

За финансирање на урбанистичките планови и урбанистичките плански документации од Програмата потребните средства ќе се обезбедат од Буџет на Општина Радовиш, Буџет на РСМ, со самофинансирање од заинтересирани физички и правни лица, Југоисточен плански Регион преку БРР, преку АФПЗРР .

4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Во зависност од потребите на општината , како и на заинтересирани физички и правни лица тековно Програмата може да претрпи измени и дополнувања. Општина Радовиш како надлежен орган согласно Закон за урбанистичко планирање спроведува постапки за реализација и спроведување на урбанистичките планови, одобрувајќи постапки за различни видови урбанистички проекти пропишани во законот, урбанистички проекти со план за парцелација и урбанистички проекти за инфраструктура .

Во процесот на донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно Законот за урбанистичко планирање предвидени се прибавување на одредени документации како услови за планирање на просторот, трошоци за услуги од катастар, како и останати документи за кои трошоци се планираат средства. Урбанистичките планови и урбанистички плански документации започнати пред донесување на Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/2020), се спроведуват и продолжуват согласно одредбите од истиот .

Оваа Програма задолжително се објавува во „Службен гласник на Општина Радовиш“, во електронка форма на веб страната на општината, на официјалните профили на социјлните мрежи, како и во информацискиот систем е-урбанизам.

Со измена и дополна на основната програма за урбанистичко планирање се вметнуват урбанистички проет за инфраструктура за изградба на улица во с.Калугерица, Општина Радовиш и урбанистички плански документации со самофинансирање наведени од точка 24 до точка 29 во истата .

Бр. 08-724/1 Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2022 година во општина Радовиш број 08-1603/2 од 21.12.2021г.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2022 година во општина Радовиш број 08-1603/2 од 21.12.2021г,

бр.08-725/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-725/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл.46 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр.82/2008) чл.21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Радовиш Сл. гласник бр.5/2002 Советот на Општина Радовиш на X седницата одржана на ден 13.04.2022 год. донесе:

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2022 година во општина Радовиш број 08-1603/2 од 21.12.2021г.

Програмата за уредување на градежно земјиште одржување на комунални објекти и локални патишта за 2022 година во општина Радовиш донесена во декември 2021година е изработена во рамките на вкупно планираните средства од буџетот на општината за 2022 година.

Во текот на реализацијата на програмата по спроведените јавни набавки годината, увидени се одредени состојби во однос на предвидените средства за реализација на проектите, заостанати обврски од договори чија реализација заврши во 2021 а плаќањето не беше предвидено во буџетот за 2022 а некои обврски кои ги предвидовме во 2022 па затоа се јави потребата за измена и дополнување на програмата.

Одредени позиции се намалени во износите на средствата поради постигната пониска договорна вредност, а во одредени позиции има потреба од зголемување на износите на средствата со цел нивна реализација.

Програмата се намалува за средствата предвидени за изградба на Локален пат Бел Камен-Авто камп во висина од 13.373.891 и дополнителни 3.650.650 за потребите за ребаланс на буџетот за 2022год.

Во Програмата се предлагаат измени и дополнувања во дел

1.ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2022год. и тоа:

- Во точка I.3 Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови се зголемува за 300.000 денари
- Во точка I.5 Изградба на Улица Видое Смилевски Бато со комунална инфраструктура се намалува за 1.000.000 денари
- Во точка I.6 Изградба на Улица 3.2 Ораовица со комунална инфраструктура (атмосферска канализација) се зголемува за 700.000 денари
- Во точка I.8 Изградба на Фекална канализација по улица бр.3 УБ9.3 се намалува за 396.604 денари
- Во точка I.9 Изградба на Фекална канализација по улица бр.4 УБ9.3 се намалува за 198.302 денари
- Во точка I.17 Набавка и монтажа на нова урбана опрема и поправка и одржување на постоечка урбана опрема се намалува за 500.000 денари.
- Во точка II.1 Локален пат Бел Камен-Авто камп се намалува за 13.373.891 денари
- Во точка II.10 Изградба локален пат од село Дамјан до село Погулево се намалува за 3.880.746 денари
- се додава точка II.11 Изградба на потпорни ѕидови на ул.Плачковица и ул.Ана Поцкова со износ од 314.267 денари
- се додава точка II.11 Санација на штети од елементарни непогоди со износ од 1.010.735денари
- Во извори на финансирање во точка Б Надоместок за експлоатација на минерални суровини се намалува за 6.136.643,13 и во точка Д Агенција за рурален развој се намалува за 13.373.891 денари.

Во прилог е пречистената табела.

ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ 2022 год.		Износ / денари
I	НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2022	
1	Проектна документација со ревизија - урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, сообраќајни проекти, програми, специјализирани проекти и елаборати од различни инжинерски области.	3.000.000,00
2	Вршење на стручен надзор над изградба на градежни објекти.	1.000.000,00
3	Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови.	1.481.799,03

4	Расчистување на имотно правни односи (експропријација на градежно земјиште и објекти во урбаниот опфат на градот и населени места во општината)	5.300.000,00
	Проценки на насади и др. при постапката за експропријација на јавни површини	200.000,00
5	Изградба на Улица Видое Смилевски Бато со комунална инфраструктура	6.586.754,00
6	Изградба на Улица 3.2 Ораовица со комунална инфраструктура (атмосферска канализација)	2.713.009,00
7	Одржување, Реконструкција-Надградба на постоеки асфалтен коловоз на улици низ градот и населените места (крпење на ударни дупки)	4.000.000,00
8	Изградба на Фекална канализација по улица бр.3 УБ9.3	1.649.251,68
9	Изградба на Фекална канализација по улица бр.4 УБ9.3	770.591,16
10	Изградба на Фекална канализација Карши Маале с.Подареш	4.000.000,00
11	Уредување на јавни површини -тротоари, пешачки патеки,паркинзи и др. во градот и населените места во Радовиш.	3.000.000,00
12	Хоризонтална сигнализација	400.000,00
13	Вертикална сигналицација.	200.000,00
14	Набавка на ризла за посипување на коловоз на улици и локални патишта во зимскиот период.	400.000,00
15	Набавка на сол за посипување на коловоз на улици и локални патишта во зимскиот период.	400.000,00
16	Поправка на патишта од земјан коловоз и уредување на порои	3.000.000,00
17	Набавка и монтажа на нова урбана опрема и поправка и одржување на постоечка урбана опрема.	1.000.000,00
18	Рушење на безправно изградени објекти	400.000,00
	ВКУПНО I	39.501.404,87

II	ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2022ГОД.	
1	Локален пат Бел Камен-Авто камп	0,00
2	Уредување најавни површини-улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, детски игралишта и др.	4.193.373,00
3	Изградба на улица во с.Калугерица	3.186.732,00
4	Изградба на централно градско подрачје	4.554.248,00
5	Изградба на мост на река Марлада	6.650.000,00
6	Изградба на улица бр.3 во УБ. 9, Радовиш	3.491.091,00
7	Санација на објект на ЕВН	2.303.079,00
8	Изградба на улици кејска и бр.3 ви УБ 9.2	5.688.237,00
9	Изградба на свлечиште на пат Подареш Смиљанци	5.000.000,00

10	Изградба локален пат од село Дамјан до село Погулево	970.187,00
11	Изградба на потпорни ѕидови на ул.Плачковица и ул.Ана Поцкова	314.267,00
12	Санација на штети од елементарни непогоди	1.010.735,00
	ВКУПНО II	37.361.949,00

РЕКАПИТУЛАР		Износ / денари
I.	НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2022	39.501.404,87
II.	ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2022ГОД.	37.361.949,00
СЕ ВКУПНО:		76.863.353,87

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ		Износ / денари
А	Надоместок за уредување на градежно земјиште	20.000.000,00
Б	Надоместок за експлоатација на минерални суровини	23.863.353,87
В	Јавно претпријатие за државни патишта	4.000.000,00
Г	Продажба на градежно земјиште	29.000.000,00
Д	Агенција за рурален развој	0,00
	ВКУПНО:	76.863.353,87

Број 08-725/1
Дата 13 Април 2022 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на програмата на за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈПССО„Радовиш-2014" Радовиш и Програма за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈПССО„Радовиш-2014" Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на програмата за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈПССО„Радовиш-2014" Радовиш, бр.08-726/1, и Програмата за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈПССО„Радовиш-2014" Радовиш бр.08-726/2, што советот на општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-726/3
18 Април 2022 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на X седница одржана на 13.04.2022 година донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Програмата за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈПССО„Радовиш-2014" Радовиш

I. Се Усвојува Програмата за работа за 2022 година на Јавното Претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈПССО„Радовиш-2014" Радовиш

II. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-726/1
13 Април 2022 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на

општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на X седница одржана на 13.04.2022 година донесе:

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА ЗА 2022 година ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ЈПССО „Радовиш-2014“ Радовиш

1. ВОВЕД

Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон, Статут на ЈП и другите општи акти. Во правниот промет со трети лица настапува по свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања, и за своите обврски одговара со целиот имот и средства,со целосна одговорност.

ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш е основано со одлука бр. 07-256/1 од 31.01.2014 година, усвоена од Советот на Општина Радовиш. сс генерална цел остварување на дејности од јавен интерес.

ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш, се финансира од Општина Радовиш,од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи,групи граѓани и други заинтересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура, издавање под закуп на дело вен простор кој не е на менет за спорт и физичка култура.

ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш, стопанисува со:

-Спортски рекреативен центар "25 мај"

-Градски стадион

-Двоен тениски терен

Управувањето на ЈПССО е засновано на законската регулатива и Статутот на ЈПССО. Претпријатието е застапувано и претставувано од Директор, а е управувано од Управен одбор составен од 5 члена, именувани од Советот на Општина Радовиш, додека контролата врз материјално — финансиското работење е од страна на Надзорен одбор составен од 5 члена, именувани од Советот на Општина Радовиш.

Годишната програма за работа иа ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш, се темели пред се на условите и можностите кои ги нудат спортските објекти со кои стопанисува ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш, а во кои ќе се одвиваат планираните програмски активности во текот на 2022 година.

2. ВИЗИЈА

Нашата визија е јасна, едноставна и реално определена, визија за унапредувагье на менаџирањето на постоечките спортски капацитети прифаќајќи го моделот за партнерство и соработка, со сите чинители на спортскиот живот. културата и иницијативи за унапредување на условите за квалитетен спорт и развој на културно — уметнички перформанси, пред се кај младите. Затоа, ние се посветуваме со заеднички напори на основачот на Ј П, Советот и Градоначалникот на Општина Радовиш, Југоисточниот плански регион, приватниот сектор, здруженијата на граѓани и фондации, да се развиваат капацитетите на спортските објекти, за поквалитетен спорт.

Ќе работиме одговорно и посветено. Нашата обврска е да ги следиме потребите на граѓаните на Општина Радовиш од областа на спортот, физичката култура и рекреацијата. На тој начин же пробаме да обезбедиме доволно финансиски средства за самоодржлив развој, преку кој директно ќе ја зајакнеме сопствената деловна позиuија на пазарот.

Иднината на ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш ја гледаме во препознатлив атрактивен и конкурентен спортско-рекреативен центар, со создадени квалитетни услови и услуги за остварување и реализација на планираните програмски активности на спорстките друштва и клубовите, здруженија на граѓани, ґрупи на граѓани и поединци.

3. МИСИЈА

Основната мисија иа ЈППСО “Радовиш-2014" Радовиш, е зајакнувањето на сопствената деловна промоција заради конкурентност на пазарот.Нашата насока е цврста и јасна за ревитилизација и надградување на постојните спортски капацитети со кои располага ЈП, за заштита и унапредуванње на интересите на спортот, спортистите и спортските клубови.

Мисијата јасно се отсликува во заложбите за остварување на професионалните императиви - воведување на нови форми и содржини на активности, развивање и изработка на нови иницијативи и проекти за поефикасно и одржливо искористување на сите постоечки капацитети и потенцијали со кои располагаме за да го подобриме спортско-рекреативниот живот на граѓаните на општина Радовиш.

4. ОСНОВНИ ЦЕЛИ

1. Обезбедување на услови за масовна физичка култура во Општината, преку ставање на располагање на сите спортски терени на сите организирани спортски друштва, клубови, здруженија на граѓани, спортски сојузи, ґрупи на граѓани и слично за реализација на планирани програмски содржини.

2. Обезбедување на услови за остварување и реализација на програмските активности на спортските друштва и кпубовите кои се натпреваруваат во лига систем на натпревари и кои преставуваат приоритетни спортови во Општина Радовиш.

3. Целосно ангажирање на сите потенцијали на ЈП од просторни, технички и човечки ресурси за реализација на програмските содржини од области на спортот, рекреацијата и физичката култура, планирани од страна на основачот на ЈП, Општина Радовиш.

4. Унапредување и надградување на работата на ЈП, преку воведување на нови форми на спортски и рекреативни програмски содржини и активности.

5. Обезбедување на услови за пасивна рекреација за сите заинтересирани граѓани во делот на следењето на спортските и рекреативните настани од локален, државен, европски и светски карактер.

6. Тековно орџжување на спортските објекти и терени со единствена цел во секое време да одговарат на с војата основна функција за спортот и физичката култура.

7. ЈП ќе се стреми кон санирање на одредени состојби во објектите од инвестиционен карактер.

8. Ќе се настојува секој слободен простор кој не е директно поврзан са извршување на спортско—рекреативните активности, да го ефектуира и да остварува дополнителни финансиски средства кои ќе бидат во функција на подобрување на условите за спортот и физичката култура.

9. Организирање на културно—забавни и спортски манифестации и турнири со единствена цел објектите со кои стопанисува ЈП да претставуваат собиралиште за граѓаните на општина Радовиш.

10. Во соработка и партнерство со основачот Општина Радовиш ќе продолжи да развива и реализира проекти за енергетска ефикасност и искористувагье на потенцијалите на обновливите извори на енергија.

5. АКТИВНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

5.1 СРЦ "25 МАЈ"

- Во 2022 година се планира да се овозможат услови за реализација на програмските активности на спортските клубови кои се натпреварува во организирана лига систем на натпревари. Во овој период во СРЦ "25 мај" планирано е да се реализираат 300 - 350 тренинзи во траење од 90 минути и околу 30-40 пријателски и првенствени натпревари.
- На корисниците на услуги на располагање ќе им бидат дадени уредна и чиста играчка површина, спортски реквизити, семафор, осветлување според стандардите, трибински простор, санитарии, а на располагање ќе им бидат и вработени кои ќе им помагаат во извршување на програмските содржини.
- Во посебна просторија тренинзи ќе одржуват и членовите на ПИНГ-ПОНГ клубот кој во градот секогаш имал традиција. За овој спорт планирано е обезбедување на друга просторија за рекреативно користење од страна на сите заинтересирани граѓани.
- Почитување на правилникот за одржување на и користење на двојните тениски терени и нивно максимално искористување од страна на актуелните тениски клубови и граѓани поединци.
- Во соработка со кпубовите за борење и Муаи таи, ќе се продолжи со овозможување на простор и услови за тренинзи на членовите на овие два клуба, со цел да се развиваат и унапредуваат борењето и Муаи таи-то како олимписки спортови. Истата соработка ќе биде продолжена и со карате клубот кој функционира во посебна просторија за таа намена.
- Покрај давањето на услуги на спортските екипи кои се натпреварува во лига систем на натпревари,во текот ня годината услуги ќе им бидат дадени и на спортските екипи кои се натпреварува турнирски и на спортските екипи од другите општини како и на екипите кои се натпреварува во училишните лиги.
- Се планира и повторно по неколкугодишна пауза да се организира и популарниот Шестоноемвриски турнир во мал фудбал на кој во минатото учествуваа екипи од територијата на цела Република Македонија.
- Организација на сите манифестации ,програми и проекти предвидени во програмите на основните училишта и градинките од Општина Радовиш.
- Постапно и систематско реновирање на постоечките помошни простории и санитарни јазли во зависност од финансиската состојба на ЈП.

5.2 Тениски игралишта

- Почитување на правилникот за одржување и користење на двојните тениски терени и нивно максимално искористување од страна на актуелните тениски клубови и граѓани поединци.

Тениските терени ќе продолжат редовно да се иэдаваат на тениски клубови и тенисери поединци согласно тарифникот на ЈП.

5.3 Градски Стадион

- На Градскиот стадион ќе се овозможат оптимални услови за непречена реализација на планираните програмски активности и одржување на тренинзи и натпревари на ФК Плачковица,ФК Детонит и ЖФК Плачковица како и фудбалски академии и школи од нашиот град.На сите корисници на градскиот стадион на располагање ќе им бидат ставени сите расположливи придружни капацитети за непречено одвивање на спортските активности.Меѓусебните односи на клубовите и ЈП ќе бидат уредени со посебни договори и во соработка со Општина Радовиш.

6.ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

Согласно донесениот тарифник од страна на Советот на Општина Радовиш за користење на просторот и пропратните простории во склоп на СРЦ "25 Мај" во Радовиш кои се во функција на спортот, како и за просториите кои не се во функција на спортот ЈП ќе почне со давање под закуп на сите слободни простории по цени утврдени со тарифникот.Согласно законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Советот на Општина Радовиш донесува одлука кои простории да бидат дадени на користење со склучување на непосредна спогодба а за кои простории ќе биде распишана јавна објава за електронско наддавање за издавање под закуп.И двете постапки ќе бидат спроведени од страна на ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш .Со сите корисници на просториите под закуп ќе бидат склучени договори во кој ќе се утврдат вистинската намена на просторијата, времетраењето, износот на закупот и сите други права и обврски.

Ќе се настојува да се издаде под закуп секој расположив деловен простор кој е слободен и неиздаден.

Целта на издавање под закуп на сите простории е остварување на дополнителни финансиски средства кои ќе бидат во функција на подобрување на условите за спортот и физичката култура и подобрување на финансиската сосотојба на самото ЈП.

На овој начин ќе се решат и долгогодишните нерегулирани односи со постоечките корисници на поголем дел од просториите во СРЦ "25 Мај" .

7. ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Спортските објекти со кои стопанисува ЈП не се во најдобра кондиција. Посебно тоа се однесува со проблемите кои се јавуваат околу дотраеноста на електрична, водоводната и канализациона инсталација, основните средства за работа, санитарните јазли, надворешниот изглед на спортските објекти, столчињата за седење, трибинскиот простор и терасните делови кои се доста оштетени. За сите овие проблеми е потребно трајно и долгорочно решавање а ЈП во моментот не е во можност самостојно да ги санира сите тие недостатоци, заради тоа ќе треба во соработка со основачот на ЈП да се изготви анализа и стратегија со конкретни мерки за санирање на дел од недостатоците на спортските објекти.

За таа цел важна е континуираната соработка со Општина Радовиш и Агенцијата за млади и спорт на РМ.

7. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во согласност со финасиската состојба ќе биде планирано и постепено доекипирање со стручен кадар неопходен за непречено остварување на програмските цели и реализација на годишните планови на ЈПССО.

8. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се реализира од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи, поединци, групи на граѓани и други заентересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура како и издавагње под закуп на деловен простор кој не е наменет за спорт и физичката култура како и дел од ЕЛС Општина Радовиш.

Бр. 08-726/2	Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г.	Претседател
Радовиш	Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Извештај за работа на Општинска Народна Библиотека ,,Брака Миладиновци" Радовиш за 2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Извештај за работа на Општинска Народна Библиотека ,,Брака Миладиновци" Радовиш за 2021 година , бр.08-727/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-727/2	Градоначалник
18 Април 2022 г.	на општина Радовиш
Радовиш	Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 ст.1 т.9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на X седница одржана на 13.04.2022 година донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Извештај за работа на Општинска Народна Библиотека ,,Брака Миладиновци" Радовиш за 2021 година

I. Се усвојување на Извештај за работа на Општинска Народна Библиотека ,,Брака Миладиновци" Радовиш за 2021 година бр.01-44/1 од 03.03.2022 година, наш бр.08-136/24 од 08.03.2022 година.

II. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-727/1 Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена и дополнување на
Програмите за јавните потреби на спортот во
општина Радовиш за 2022 год. бр 08-1485/1 од
03.12.2021 год. и 08-1610/1од 21.12.2021 год.

Ја прогласувам и објавувам Програма за измена и дополнување на Програмите за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2022 год. бр 08-1485/1 од 03.12.2021 год. и 08-1610/1од 21.12.2021 год., бр.08-728/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-728/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 3 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 13.04.2022 год., донесе,

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмите за јавните
потреби на спортот во општина Радовиш за 2022 год.
бр 08-1485/1 од 03.12.2021 год. и 08-1610/1од
21.12.2021 год.

I. Се менува и дополнува Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш за 2022 год. бр 08-1485/1 од 03.12.2021 год. и бр. 08-1610/1 од 21.12.2021 год. во делот на планирани финансиски средства наменети за изготвување на техничка документација за спортски објекти. Во Програмата беа планирани вкупно 7.000.000 денари од кои 6.500.000 ден. на буџетската програма Л0 за поддршка на спортски клубови, турнири и сл. и 500.000 ден. на буџетската програма ЛА за изготвување на техничка документација за спортски објекти. Планираниот износ од 500,000 денари се брише и Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш 2022 година изнесува 6.500.000 ден.

Износот од 500,000 ден. од буџетската програма ЛА се префрла на буџетска програма А00 Совет, сметка 461 190 – Субвенции за јавни претпријатија.

II. Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 08-728/1 Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на Извештај за работата
на Општинска изборна комисија Радовиш и
Финансиски Извештај за спроведување на Локалните
избори 2021 година преку Општинска изборна
комисија Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Општинска изборна комисија Радовиш и Финансискиот Извештај за спроведување на Локалните избори 2021 година преку Општинска изборна комисија Радовиш, бр.08-729/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-729/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 13.04.2022 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Општинска
изборна комисија Радовиш и Финансиски Извештај
за спроведување на Локалните избори 2021 година
преку Општинска изборна комисија Радовиш

I. Се усвојува Извештајот за работата на Општинска изборна комисија Радовиш бр.11-461/2 од 09.11.2021 година и Финансиски Извештај бр.05-01/2 од 08.11.2021 година за спроведување на

Локалните избори 2021 година преку Општинска изборна комисија Радовиш.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-729/1 Совет на општина Радовиш
13 Април 2022 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена на годишна програма на одделение за локален економски развој во Општина Радовиш за 2022 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена на годишна програма на одделение за локален економски развој во Општина Радовиш за 2022 година, бр.08-730/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 13.04.2022 година.

Бр. 09-730/2 Градоначалник
18 Април 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6, 7 и 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М,, бр: 5/02) Советот на општина Радовиш на X седница одржана на 13.04.2022 година донесе:

Измена на годишна Програма на одделение
за локален економски развој во Општина Радовиш за 2022 година

Измената програмата се однесува на скратување и измена на ставките за изработка на техничка документација за лифт за лица со попреченост во општина Радовиш и Ревизија на стари или изработка на нови стратегии од Локален одржлив развој 2022-2027. Ставката изработка на техничка документација за лифт за лица со попреченост се брише од програмата,а преостанатиот дел од Ревизија на стари или изработка на нови стратегии од Локален одржлив развој 2022-2027 во износ од 134.800 се пренаменуваат со ребалансот на буџетот на општината. Програмата се намалува за 434.800 денари. Останатите ставки во програмата остануваат непроменети и се прикажани во табеларниот приказ.

Предлог ставки/активности:

Локалниот економски развој како надлежност на локалната самоуправа во најголем дел зависи од навремено планирање во локалната самоуправа, преку превземање на мерки и активности, форми и облици за овозможување услови за одржлив економски развој.

Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република Северна Македонија и за таа цел се изготвува на годишно ниво Програма за локален економски развој за секоја општина која е базирана врз основа на усвоените стратешки општински документи со што за секоја превземена активност се добива легитимитет кој влијае позитивно кон општинскиот локален развој, изразена како алатка за планирање и истовремено дејствување и подршка кон локалната економија за нејзин одржлив развој.

Локалниот економски развој ги подржува правните субјекти, граѓаните организирани во здружени разни секторски форми како и физичките лица кои се преставници од повеќе различни сектори, кои имаат можност меѓусебно да соработуваат со цел постигнување на економски просперитет во локалната заедница и одржлив раст кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на животот воопшто.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредно учество на претставниците од јавните институции, деловната заедница и невладиниот сектор кои преку воспоставена комуникација и соработка овозможуваат претпоставка за можно достигнување на заедничката зацртана визија, кон создавање на услови за градење на севкупен одржлив развој кој меѓудругото го промовира развојот на бизнисите кои пак истовремено ги овозможуваат условите за зголемување на вработувањето.

Програмата за работа на одделението за локален економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежноста на локалната самоуправа која произлегува од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.Македонија бр.5 од 29.01.2002 год.), статутот на Општина Радовиш и законските одредби во Република Северна Македонија кои обработуваат економски теми согласно препораките на Европската унија во делот од процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно начелата за транспарентност и очетност со усвојување на развојните плански документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи во заедницата во кој локалната самоуправа има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање.

Предлог	Износ (МКД)	Извор на финансирање	Коментар/Статус на проект	Временски период за отпочнување/ реализација
ЕКОНОМИЈА				
Цел 3: Прилагодување на човечки ресурси спрема стопанството 3.1. Ставање во функција на локалниот економско-социјален совет (одржување на најмалку 6 работни состаноци)	50.000	Општина Радовиш	Комисијата е формирана	Јануари-Декември
СРМА Потенцијално искористување на ресурсите	Финансирано од УНДП	УНДП	Јакнење на капацитетите на општинската администрација	Општината е пријавена се очекува во текот на месец март да отпочне со реализација. Проектот ќе трае 18 месеци
Европска ознака за извонредност на управувањето (ELoGE) проект во Македонија	Финансирано од АЛДА	АЛДА Скопје	Општина Радовиш е член на Агенцијата АЛДА на нивна покана со цел подобрување на стандардите и обезбедување на висококвалитетни услуги во рамките на локалната самоуправа општината ќе го спроведе овој проект.	Февруари-јуни
СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА				
Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче	1.000.000	Општина Радовиш	Дигитализација на основните општински услуги со акцент на социјалната сфера, преку имплементирање на систем за управување со документи и создавање на услуги во рамките на воспоставување на меѓуопштинска соработка.	Јануари-Декември
Реализација на проект: „Општинско-корисна работа“ УНДП	1.000.000	УНДП	Проект на УНДП во социјалната сфера за посета и грижа за стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и потешкотии во секојдневниот живот очекувана донација	Јануари - Декември
Реализација на проект: „Општинско-корисна работа“ УНДП	500.000	Општина Радовиш	Проект на УНДП во социјалната сфера за посета и грижа за стари и изнемоштени лица, лица	Јануари – Декември

			со попреченост и потешкотии во секојдневниот живот учество на општината	
Предвидување на средства кои ќе бидат наменети за ангажирање на лица од социјално ранливи категории за изведување на јавни работи во Општина Радовиш.	1.000.000	Општина Радовиш	Во врска со активните мерки на Агенцијата за вработување и ангажирање на јавни работници според програма за извршување на јавни работи донесена од Совет на општината. Да се примат пет квалитетни лица со поголема плата	Јануари-Декември
ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА НВО				
Финансиска подршка за проекти на граѓански здруженија според усвоената методологија за финансирање на проекти. Како посебни насоки во јавниот повик ке бидат предвидени: Акција за пошумување на околината. Промоција и популаризација на развој на органско производство. Одржување на работен состанок со земјоделци за подршка на земјоделски задруги. Физибилити студии и водич за инвестиции. Обнова на постојната туристичка информативна инфраструктура.	1.500.000	Општина Радовиш	Распишување на јавен оглас согласно усвоена методологија за реализација на проекти за локален развој, а во согласност со стратешките документи на општина Радовиш, како и Пошумување на определени локации во град Радовиш Изработка на едноставен водич за земјодиелците за бенефитите од органското производство. Изработка на физибилити студија за развој на алтернативен туризам на општина Радовиш-Смиланци. Обнова на инфотабли кои се веќе поставени и за кои постојат податоци. Изработка на водич за инвестиции и физибилити студии во делот на локалниот развој.	Јануари-Декември
Годишна членарина за Центарот за развој на Југоисточен плански регион во Струмица за 2022	282.440	Општина Радовиш	Согласно законот за рамномерен регионален развој и претходно потпишан договор со Центарот за развој на Југоисточен плански регион во Струмица, општините основачи на Советот за развој на регионот се обврзани да ја кофинансираат работата на Центарот.	Јануари-Декември
